ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2017 ГОДИНА НА

# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
# УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА КАРДИОЛОГИЈА
# СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА,СОПСТВЕНО УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ЦЕНАТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА УСЛУГА И ДРУГИ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ (531)

01 2018 06 05/2

**Скопје, април 2019**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 16 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 17 |
| Биланс на состојба | 18 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 19 - 22 |
| - Сметководствени политики | 22 - 23 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 23 - 26 |

Кратенки користени во извештајот:

**ЈЗУ** – Јавна здравствена установа
**Универзитетска клиника** – ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија Скопје
**ФЗОМ** – Фонд за здравствено осигурување на Македонија
**РМ** – Република Македонија
**УО** – Управен одбор

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 17 – 284/10

Дата: 02.05.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија Скопје (во понатамошниот текст Универзитетска клиника) на сметката за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (во понатамошниот текст сметка за сопствени приходи) за 2017 година.

За финансиските извештаи за 2017 година изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2017 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите на Универзитетската клиника за 2008 година и изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2017 година констатирано е дека:

- наплата на приходите по основ на извршени здравствени услуги на лица кои услугите ги плаќаат со лични средства и наплата на партиципација се извршува без пропишани процедури и нецелосно воспоставени контроли со тоа ризиците во однос на точноста и комплетноста на приходите не се

сведени на прифатливо ниво;
- нереална пресметка и нецелосна наплата на здравствени услуги за кои не се утврдени цени, не се донесени ценовници и не се поднесени за соодветна согласност од надлежниот министер;
- воспоставениот начин на комплетирање на документацијата и евидентирање на побарувањата за износот од ненаплатената партиципација и цената на здравствената услуга од приватни лица во РМ и странци, како и задолжување по лица, создава ризици во однос на нивната комплетност и можноста за остварување на поголеми приходи;
- пописот на побарувањата не е целосно и правилно извршен, како основа за реално и објективно искажување на билансните позиции во Биланс на состојба на ден 31 декември;
- извршени се исплати на средствата за парични награди на вработените и лицата со договор за привремено вработување кои исплати не се во согласност со законските прописи.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

Во делот **Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**, ревизијата известува за ненаплатени побарувања од Министерство за здравство (МЗ) за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита од претходни години за кои со Програмите за 2017 година не се предвидени средства за исплата на побарувања од претходни години (2012-2015) поради што, наплатата на овие побарувања во износ од 10.472 илјади денари од страна надлежното министерство во наредниот период е неизвесно.

Во делот **Останати прашања**, ревизијата известува за недостатокот од човечки ресурси за непречено извршување на работниот процес, но и покрај доставени барања за согласност за нови вработувања од страна на надлежните министерства не е постапено по поднесените барања.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведен под број 17 – 284/2 од 12.03.2019 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 17 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетска клиника на сметката за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите на Универзитетската клиника за 2008 година и изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Универзитетската клиника застапуван од:

- Д-р Сашко Кедев, медицински директор во периодот од 02.02.2009 година до 02.02.2013 година и вршител на должност медицински директор во периодот од 03.02.2013 година до 05.07.2017 година;
- Верица Стојковиќ, организациски директор во периодот од 02.02.2009 година до 02.02.2013 година и вршител на должност организациски директор во периодот од 03.02.2013 година до 04.08.2017 година;
- Д-р Беким Поцеста, вршител на должноста медицински директор во периодот од 05.07.2017 година до 14.02.2018 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ИССАИ). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот 17.09.2018 до 23.11.2018 година кај Универзитетската клиника од тим (со ротирање на дел од ревизорите во одреден период) на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 21 јануари 2019 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведен под број 17 – 284/2 од 12.03.2019 година.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Внатрешни контроли

**Процес на наплата на приходи**

3.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на наплата на приходите, ревизијата констатира дека не се изготвени пишани процедури за фактурирање по извршените здравствени услуги, наплата и уплата во благајна и на сметката по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени (приватни пациенти во РМ и странци) и по основ на наплата на партиципација (стационар, амбуланта, дневна болница и стационар условен буџет), како и евидентирање и контроли на истите, што не е во согласност со член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Воспоставениот системот на интерни контроли во процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка на клиниката (во рамките на трезорот на ФЗОМ) и нивно евидентирање, како приход по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени, странски државјани, уплатена партиципација и др. не овозможува навремено

откривање на ризиците од целосна наплата по сите основи. Поради отсуство на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплатените и уплатените средства по наведените основи, постои ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и можност од несоодветно користење на средствата. Воспоставениот начин на обезбедување на податоци за лицата кои не платиле без креиран извештај од модулот „фактурирање" не обезбедува комплетност на податоците за лицата кои не платиле партиципација/здравствена услуга и за сметководствено евидентирање на побарувања со што ќе се изврши задолжување на лицата.

Отсуството на процедури и постапки за целосна контрола на наплатата по сите основи создава ризик од нецелосно и ненавремено преземање на мерки за наплата/присилна наплата и соодветна евиденција на побарувања, аналитички по пациент за не наплатениот износ.

Во текот на вршење на ревизијата преземени се активности за воспоставување на контроли при наплата на средствата од пациентите за партиципацијата и за услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства, за што е креиран извештај од модулот фактурирање и нивно соодветно евидентирање.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Универзитетската клиника врши здравствени услуги за лекување на пациенти кои не се осигурени – приватни пациенти во РМ и приватни пациенти странци Услугите на пациенти кои плаќаат со лични средства и тоа за лекување на лица кои не се осигурени – приватни пациенти се врши врз основа на ценовник по Одлуки на Управен одбор од 2008 година, а за странци со одлука од 2012 година со која се предвидува наплата двојно повисоки цени од цените за приватни пациенти во РМ. Донесена е Одлука на Управен одбор за цената на здравствени услуги за странци согласно укажувањата на министерот за здравство цената на здравствени услуги на пациенти кои не се државјани на РМ потребно е да биде двојно поголема од цената за приватни пациенти од РМ. Клиниката во одлуката нема утврдено цени посебно за секој пакет или ДРГ услуга за странци и наплатува како и за државјани на РМ. За овој вид на услуги наплатени се здравствени услуги по цени кои се однесуваат за осигурените лица, што не е во согласност со член 44а и член 47 од Законот за здравствена заштита. Наведените одлуки се донесени пред да се донесе новиот Закон за здравствена заштита[1] со кој е уредено дека Универзитетската клиника има обврска да утврди цени на здравствените услуги за лекување на пациенти кои плаќаат со лични средства и достави барање до Министерот за здравство за нивно потврдување, имајќи ги предвид трошоците за услугата на здравствените

[1]Службен весник на РМ бр. 43/12

работници, односно тимовите кои ја извршуваат услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестициско одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лековите и медицинските потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата. Во исто време Универзитетската клиника има обврска до Министерството за здравство да поднесува Извештај за обемот и видот на извршените здравствени услуги за пациентите кои услугите ги плаќаат со лични средства, но истото не е реализирано, што не е во согласност со член 44 став 5 од Законот за здравствена заштита.

Утврдената состојба предизвикува Универзитетската клиника да извршува и наплатува приходи за кои министерот нема донесено соодветен акт.

## Препорака

Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе активности за:

- изготвување на ценовник за здравствени услуги на пациенти кои плаќаат со лични средства и поднесе барање до Министерот за здравство за утврдување на цените,
- донесување на ценовник за услугите кои клиниката ги дава на странци и обезбедување на согласност на истиот од министерот за здравство и
- редовно доставување на Извештајот за обемот и видот на извршените здравствени услуги за пациентите кои услугите ги плаќаат со лични средства.

3.3. **Финансиски извештаи**

**Биланс на приходи и расходи**

3.3.1. Со извршениот увид во остварениот приход по основ на наплатената партиципација и извршени здравствени услуги на приватни пациенти (лица кои услугите ги плаќаат со лични средства) констатирано е следното:

*Наплата на партиципација (учество на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги)*

- По извршеното усогласување на износот на пресметаната партиципација[2] искажан во Извештаите за извршени здравствени услуги доставени до ФЗОМ за 2017 година кој изнесува 30.160 илјади денари и приходот од наплатена партиципација кој изнесува 25.440 илјади денари констатирано е дека постои разлика во износ од 4.720 илјади денари што во суштина претставува не евидентирани побарувања во деловните книги на име пресметана партиципација и соодветно нивно презентирање во Билансот на состојба на сметката за средства од ФЗОМ. Поради отсуство на контролни механизми и

[2] На сметката на средства од ФЗОМ

активности за утврдување на не наплатениот износ на партиципација во 2017 година не е евидентирано побарување по лицата што влијае на можноста за преземање на активности за наплата и остварување на приходи по тој основ.

Во текот на ревизијата побарано е од модулот фактурирање да се овозможи одговорните лица да печатат и доставуваат до сметководство извештај за ненаплатениот износ на партиципација (стационар, амбуланта, дневна и условен буџет) по пациент за евиденција и задолжување на лицата. Од страна на економскиот оператор кој е ангажиран за одржување на софтверот истото е овозможено и доставени се извештаи кои се однесуваат на ненаплатена партиципација по лица за 2017 година во вкупен износ од 2.938 илјади денари. Во текот на вршење на ревизијата во деловните книги за 2018 година со налог за книжење број 1001 дол.стац. 2017 од 30.12.2018 година извршено е евидентирање во деловните книги на ненаплатената партиципација за стационар во износ од 2.720 илјади денари не разграничени по лица. За ненаплатениот износ на партиципација од амбуланта, дневна и условен буџет не е спроведена евиденција.

Од вкупниот износ на ненаплатена партиципација за 2017 година и по спроведените книжења за побарување по лица, преостанува износ од 1.782 илјади денари кој не е уплатен на сметката на клиниката, но нема обезбедено образложение за истото, што влијае на реално и објективно искажување на приходот по овој основ.

*Наплата на здравствени услуги на приватни пациенти во РМ и странци*

- Констатирана е ненавремена и нецелосна наплата на приходите по основ на извршени здравствени услуги на приватни пациенти во РМ и странци како резултат на не функционирање на контролите во делот на усогласување на состојбите од модулот фактурирање на износот на извршени здравствени услуги на приватни пациенти и наплатата на истите од страна шалтерските работници. Имено за 2017 година дел од ДРГ пресметки и фактури од стационар за лицата кои го напуштиле лекувањето без да платат, при што од вработените лица во благајна истите не се проследени на понатамошно постапување, со што од страна на одговорните лица за водење на деловните книги не се евидентирани побарувања од приватни лица во износ од 1.296 илјади денари.

Во текот на вршење на ревизијата извршено е задолжување по лица со налог за книжење на сметката Побарувања/ПВР во деловните книги во износ од 1.296 илјади денари, и разграничување на спецификациите од модулот фактурирање кои се однесуваат на приватни пациенти од РМ и странци.

Наведеното не е во согласност со член 7 став 2 и член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 10 и член 11 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијае на реалното и објективно презентирање на податоците во Биланс на состојба на ден 31 декември и отсуство на информации неопходни за евиденција и преземање на мерки за наплата на ненаплатените побарувања.

## Препорака

Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки и активности за:

- воспоставување на контроли во делот на наплатата на приходите и благајничкото работење со усогласување на редовна основа на состојбите од наплата и евидентирање на приходи во готово и
- воспоставување на евиденција на побарувањата по лица/пациенти и преземање на мерки за навремена и целосна наплата на истите.

**Биланс на состојба**

3.3.2. Со ревизија на благајничкото работење констатирани се следните состојби:

- во Универзитетската клиника за наплата на прометот во готово инсталирани се 6 (шест) фискални апарати по решение од УЈП и 1 (еден) стар апарат во сметководство кој се користи без решение од УЈП и без можност за печатење на фискални сметки. Поради наведеното не постои усогласеност на износот на евидентираните уплати на благајна во однос на Извештајот за извршените уплати од шалтерите, односно евидентирана е поголема уплата во износ од 3.003 илјади денари. Врз основа на анализа на евидентираниот вкупен приход во однос на фискалниот извештај и месечните фискални извештаи отпечатени во текот на ревизијата, констатирано е дека разликата произлегува од извршени наплати на овој фискален апарат за кои не се печатени фискални сметки и давани на пациентите со тоа и при уплатата во благајна не е приложува дневен фискален извештај;
- во делот на комплетирање на документацијата во благајничкиот извештај недостасува дневен извештај со кој се разграничени уплатите (партиципација и приватници) поради што нема можност од усогласување со евиденција на побарувањата. Исто така при уплатата на дневниот пазар на трансакциската сметка на клиниката од страна на благајникот нема целосно разграничување со уплатите од претходни години, поради што и износот од 333 илјади денари кој се однесува на уплати на рати од страна на пациентите е искажан како тековен дневен пазар;
- констатирано е дека во текот на 2017 година при наплата на партиципацијата од страна на шалтерските работници се внесувани погрешни износи и фискални сметки за кои е извршено сторно во износ од 2.181 илјада денари за кој износ е констатирано дека се однесуваат на грешки при внесување на број од пресметката на фискалниот апарат а не износ кој треба да биде наплатен. Нецелосно воспоставените контроли за оправданоста на вршење на сторно при издавање на фискалните сметки, без одобрување од страна на одговорните лица за потврдување на настанатата грешка и сторнирање износи на фискалните апарати како и невршење на редовно усогласување на наплата со дневниот фискален извештај имаат влијание на комплетноста и точноста на приходите и

побарувањата по овој основ.

Универзитетската клиниката од 2018 година ја напуштила праксата да врши наплата во готово на фискалниот апарат кој бил користен во сметководство без решение од УЈП. Воспоставена е континуирана пракса на печатење на дневен, месечен, квартален и годишен фискален извештај и нивно усогласување на пресметаните (издадени фискални сметки), наплатените и уплатените средства во благајна и трансакциска сметка.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, Законот за регистрирање на готовински плаќања и Правилникот за техничките и функционалните карактеристики ............................ на фискалниот систем на опрема и потребната документација[3].

**Препорака**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки и активности за:
- воспоставување на контроли во делот на благајничкото работење и комплетирање на документацијата со разграничување на основот за извршената уплата во благајната и уплата на трансакциска сметка и
- воспоставување на контроли за делот на вршење на сторно на фискалните апарати и намалување на грешките при наплата.

3.3.3. Со увид на состојбата на Побарувања од купувачи во земјата искажана во деловните книги и извршениот попис за 2017 година ревизијата го утврди следното:
- по извршениот увид во Извештајот од попис и пописниот материјал ревизијата утврди дека не е извршен попис на побарувањата со состојба на 31.12., односно пописната комисија не преземала активности за:
  соодветно потврдување на состојбите на побарувањата искажани во деловните книги со фактичката состојба, утврдување на старосната структура на истите, и утврдување на не/преземените мерки од одговорните лица за наплата на ненаплатените побарувања;
- Универзитетската клиника има ненаплатени побарувања од приватни лица во износ од 16.143 илјади денари и од странци во износ од 677 илјади денари кои во поголемиот дел произлегуваат од период од 2007 до 2016 година за кои не се преземени мерки за наплата. Евидентирани се сомнителни и спорни побарувања во износ од 8.519 илјади денари за кои од страна на правната служба се преземени активности и поведени се постапки за наплата, но и покрај преземените мерки отежната е наплатата, при што во текот на годината наплатен е само износ од 32 илјади денари.

[3] Службен весник 168/2014 година

Во текот на ревизијата преземени се мерки за евидентирање на ненаплатени побарувања на сметката Сомнителни и спорни побарувања/ПВР во износ од 1.112 илјади денари кои произлегуваат од 2015 и 2016 година, а за кои во текот на 2017 година се преземени мерки за наплата.

- Универзитетската клиника има ненаплатени побарувања по основ на извршување сервисни услуги согласно склучените договори со други УК, ЈЗУ и услуги на други установи во вкупен износ од 1.784 илјади денари, кои во најголем дел од нив произлегуваат од минати години, за кои одговорните лица немаат преземено активности за навремена и целосна наплата. Наведената состојба не е констатирана од страна на пописната комисија, што не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Имајќи во предвид дека овие услуги преставуваат значаен извор на приходи, неостварување на истите влијае врз комплетноста на приходите и функционирање на клиниката.

Универзитетската клиника во текот на 2017 година има преземено активности за затварање на меѓусебните побарувања и обврски по пат на склучување на договори за компензација со 4 клиники што претставува мал дел на побарувањата од истите.

Утврдената состојба не е во согласност со член 17 и член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и одредбите од член 29, член 31-а, член 31-в, и член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Утврдената состојба и неправилно извршениот попис влијае на реалното и објективно искажување на билансните позиции од Биланс на состојба на ден 31 декември и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи, отсуство на информации неопходни за преземање на мерки за наплата на ненаплатените побарувања.

**Препорака**

Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе активности за:

- целосно спроведување на пописот на побарувањата на начин кој ќе овозможи усогласување на сметководствената со фактичката состојба.
- Интензивирање на активностите за навремена и целосна наплата на не наплатените побарувања.

3.3.4. На позицијата Обврски спрема добавувачите со состојба на 31.12.2017 година искажано е салдо во вкупен износ од 10.415 илјада денари, по основ на извршени здравствени услуги од страна на јавни здравствени установи. Уредувањето на здравствените услуги со останатите здравствени установи Клиниката за кардиологија го регулира согласно склучениот договор со

ФЗОМ[4] од 2011 година. Во рамките на истиот е уредена обврската на здравствените установи од задолжително склучување на меѓусебни договори за здравствените услуги кои се дел од целосно завршената здравствена ДСГ услуга или пакет на завршено лекување, а кои претставуваат сервисни услуги со уредување на начинот, роковите на плаќање како и цените со нивно претходно усогласување. Во текот на 2013 година склучен е Анекс на основниот договор со кој се врши надополнување на членот 11 со кое се дава можност на здравствените установи за меѓусебно уредување на пониски референтни цени од утврдените со Фондот. Можноста се дава за услугите кои се дел од пакетот, односно кога пакетот делумно се врши во две здравствени установи.

Клиниката за кардиологија има склучено договори со 23 здравствени установи за извршување на сервисни услуги во кои се регулираат меѓусебните односи но нема преземено активности за намалување на референтните цени согласно меѓусебното учество во дополнителните услуги (потрошок на материјали, персонал, и др.) и нивно уредување во меѓусебните договори.

Не постапувањето согласно уредените можности со Анекс договорот со Фондот влијае на нивното континуирано зголемување на обврските а со тоа и намалување на солвентноста и ликвидноста на Клиниката .

**Препорака**

Одговорните лица на Клиниката во соработка со другите здравствени установи да преземат активности од преиспитување на можноста согласно учеството во дополнителните услуги да договорат намалување на референтните цени во насока на заштеда на финансиски средства а со тоа и подобрување на финансиската состојба на клиниката.

## 3.4. Користење на средствата согласно законски прописи

3.4.1. Во декември 2017 година исплатени се парични награди на вработените и лицата со договор за привремено вработување врз основа на Одлука на Управен одбор[5] како надоместок за придонес во зголемување на доход. Во Одлуката, Управниот одбор се повикува на член 20 од Колективниот договор на самостојниот синдикат на вработените во УК, центри и други ЈЗУ, со образложение зголемена реализација на планот по вид обем на услуги за 2017 година за кое придонесуваат сите вработени. По наведениот основ исплатени се вкупно 3.669 илјади денари на име награди и персонален данок.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 13-б и член 45 од Законот за здравствена заштита, член 55 и член 62 од Колективниот договор за здравствена дејност во Република Македонија, како и несоодветна примена на

[4] Договор бр.03-716/1 од 01.04.2011 година за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита склучен 2011 година

[5] Одлука на Управен одбор бр.02-1713/12 од 29.11.2017 година.

членот 20 од Поединечниот колективен договор[6] кој предвидува право на надомест но како дел од нето годишната добивка остварена од примена на иновација, рационализацијата или друг вид творештво врз основа на договор склучен помеѓу работникот и работодавачот. Управниот одбор при носење на наведените одлуки за исплата на наградите не земајќи ги во предвид погоре наведените одредби не ги земал во предвид и состојбите во делот на пренесениот вишок на приходи од претходна година кој за 2016 година изнесува 681 илјади денари и неисплатените обврски од 139.400 илјади денари или 39% од буџетот на клиниката за исплата на истите, придонесувајќи кон вложување на финансиската состојба на клиниката.

**Препорака**
Органот на управување и раководење и работоводниот орган на Универзитетската клиника да обезбеди соодветна примена на законските и подзаконските акти и колективниот договор во делот на исплата на надоместоци на вработените.

**Основ за изразување на мислење**
Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.1. до 3.3., кои се основ за изразување мислење, се:

- нереална пресметка и нецелосна наплата на здравствени услуги за кои не се утврдени цени, не се донесени ценовници и не се поднесени за соодветна согласност од надлежниот министер;
- слабости во делот на потврдување на приходите и евидентирање во деловните книги на износот од ненаплатената партиципација и цената на здравствената услуга од приватни лица во РМ и странци, како и задолжување по лица;
- несоодветно воспоставен начин на комплетирање на сметководствената документација и евидентирање на побарувањата, спроведен е попис во кој не е утврдена: старосната структура на истите и преземените мерки од одговорните лица за ненаплатените побарувања и
- извршена е исплата на средствата на име парични награди на вработените и лицата со договор за привремено вработување спротивно на законските одредби.

[6] Поединечен колективен договор[6] дел за плата, други права по основа на плата и надоместоци на плата.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. до 3.2., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Универзитетска клиника на ден 31 декември 2017 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради ефектот на прашањата изнесени во точките 3.1. до 3.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Универзитетска клиника, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Владата на РМ согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма за осигурени и не осигурени лица. Министерството за здравство врши распределба на средствата на Јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата, во обем на средства одобрени од Буџетот на РМ за тековната година.

Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.

Ваквата состојба оневозможува:

- транспарентна распределба на средствата на поединечните јавни здравствени установи;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерство за здравство не може да се изврши во целост и
- остварување на целите на програмите.

На ден 31.12.2017 година Клиниката има ненаплатени побарувања од МЗ за извршени здравствени услуги од претходни години за бегалци во износ од 297 илјади денари и Програми за здравствена заштита од претходни години во износ

од 10.982 иљади денари и за 2017 година во износ од 3.051 иљади денари, односно вкупно ненаплатени побарувања 14.331 иљада денари. Според содржината на Програмата[7] за 2017 предвидено е со средствата да бидат измерени ненаплатените побарувања за 2016 година при што останувaат ненаплатени побарувања од претходни години (2012-2015) кои не се содржани како ставки за намирување на обврски од минати години во износ од 7.276 иљади денари, наплатата на овие побарувања од страна во наредниот период е неизвесно. Исто така Министерството нема исплатено средства согласно програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија, согласно која треба да се трансферираат квартално секое тромесечје до Универзитетската клиника согласно доставените фактури за износот на надоместокот за партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања. Од вкупно ненаплатените побарувања, за наведената програма не е наплатен износ од 3.707 иљади денари кој произлегува од претходни години и износ од 1.594 иљади денари за 2017 година.

## 6. Останати прашања

6.1. Во декември 2017 година УК за кардиологија ангажирала вкупно 31 лице со договор за привремени вработувања (од кои поголемиот дел претходно биле ангажирани со договор на дело) преку Агенција за привремени вработувања по спроведена постапка за јавна набавка. По основ на надомест за ангажираните лица за месец декември 2017 година евидентирани се обврски кон Агенцијата во вкупен износ од 676 иљади денари. Со увид во приложената документација за привремените вработувања ревизијата констатира дека отстапените работници од страна на агенцијата не се ангажирани за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, специфични не континуирани работи и непредвидени краткотрајни активности, туку за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, што не е во согласност со одредбите од член 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања[8] и член 252 од Законот за работни односи.

Универзитетската клиника за надминување на недостатокот од кадар за непречено извршување на работниот процес во периодот од 2016-2018 година континуирано има доставувано барања за согласност за нови вработувања. Врз основа на доставените барања добиени се согласности[9] од Министерството за финансии за

[7] Програмата за обезбедување на средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери во Република Македонија.
[8] Член 24 од Законот за приватните агенции за вработување („Службен весник на Република Македонија" број 113/2018);
[9] Известување од Министерство за финансии бр.18-13053/2 од 18.12.2017 година за обезбедени финансиски средства за 2017 година за вработување на 1 лице на неопределено време и

вработување на вкупно 5 лица на неопределено време кои се реализирани во текот на 2018 година и согласност за вработување на 24 лица на определено време[10] за периодот до 31.12.2018 година.

Одговорното лице на Универзитетската клиника да продолжи со активностите за барање на согласност за нови вработувања на неопределено време во насока на обезбедување на потребните човечки ресурси за нормално извршување на дејноста на клиниката.

Известување бр.18-1030/2 од 01.02.2018 година дека согласноста која не е реализирана се прогласува за важечка и во тековната 2018 година, Известување од Министерството бр.18-3412/2 од 23.03.2018 година за вработување на 4 лица на неопределено време;
[10] Известување од Министерство за финансии бр.18-4548/2 од 27.04.2018 година за обезбедени финансиски средства за вработувања на определено време за 2018 година.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 31.879 | 38.257 |
| Трансфери и донации | 6.059 | 5.190 |
| **Вкупно приходи** | **37.938** | **43.447** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 4.098 | 708 |
| Стоки и услуги | 30.390 | 39.692 |
| Исплата по извршни исправи | 35 | 17 |
| Социјални бенефиции | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **34.523** | **40.417** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1.397 | 1.544 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1.397** | **1.544** |
| **Вкупно расходи** | **35.920** | **41.961** |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | **2.018** | **1.486** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 2.017 | 1.488 |
| Побарувања | 47.238 | 40.837 |
| Активни временски разграничувања | 5.290 | 5.068 |
| **Вкупно тековни средства** | **54.545** | **47.404** |
| **Вкупна актива** | **54.545** | **47.404** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.877 | 5.036 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 413 | 31 |
| Пасивни временски разграничувања | 49.255 | 42.337 |
| **Вкупно тековни обврски** | **54.545** | **47.404** |
| **Вкупна пасива** | **54.545** | **47.404** |